РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-296/1
15-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-тата седница одржана на ден 30.12.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2955/1 од 11.11.2025 година, оформен по пријава со наводи против -------, в.д директор на Казнено поправен дом --------, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што ДКСК веќе има постапено по пријава со исти наводи и има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-2955/1 од 11.11.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 31.12.2024 година, поднесена е пријава против в.д директорот на Казнено поправен дом --------- и оформен е предмет број 12-3253/1 од 31.12.2024 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за злоупотреба на службената положба и овластување од страна на --------, в.д директор на Казнено поправен дом ---------. Имено, во пријавата е наведено дека директорот на установата, спротивно на законските одредби на одредени лица им исплаќал плата иако не се појавиле на нивните работни места, со што била предизвикана материјална штета на установата.

При разгледувањето на пријавата бр. 12-2955/1 од 11.11.2025 година, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за пријава во која се содржани исти наводи по кои ДКСК веќе има постапено по предмет заведен под број 12-3253/1 од 31.12.2024 година и одлучено на 19-тата седница одржана на ден 02.06.2025 година на која има донесено одлука од своја

надлежност, број 12-510/3 од 12.06.2025 година, со која постапката се Запира, од причина што за конкретниот случај постапил друг надлежен орган - Државниот инспекторат за труд.

Согласно наведеното, ДКСК констатира дека нема елементи за понатамошно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut